# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 1 | Вторник, 27 Јануари 2026 | Демир Капија**



**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com**


## С О Д Р Ж И Н А


1. *Одлука за сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано насилство"...................................................*
2. *Одлука за утврдување на оперативни трошоци за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци.......................*
3. *Одлука за изменување на одлуката за определување на надоместок за информирање од работата на Советот на општина Демир Капија.......................................................................................................................................*
4. *Програма за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2026 година.......................................................................*
5. *Програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2026 година.........................................................................*
6. *Програма за активностите на Општина Демир Капија од областа на културата за 2026 година.................................*
7. *Програма за наменско трошење на определени средства во областа на управување со животната средина, по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски додатоци на општините за 2023 година..........................................................................................................................................................................*
8. *Решение за давање согласност на Програма и план за работа (со финансиски план) на Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци за 2026 година...................................................................................................................................*
9. *Решение за изменување на решението за именување на член во заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион..........................................................................................................*
10. *Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа и Финансиски извештај за проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано насилство"...................................................*
11. *Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2025 година.............................................................................................*
12. *Заклучок за прифаќање Иницијатива за пристапување кон изработка на анализа за потребата од воспоставување видео надзор..........................................................................................................................................................*
13. *Заклучок..........................................................................................................................................................................*
14. *Решение за одобрување финансиски средства.................................................................................................................*
15. *Решение за одобрување на еднократна парична помош.......................................................................................................*
16. *Решение за одобрување на еднократна парична помош.......................................................................................................*
17. *Решение за одобрување на еднократна парична помош.......................................................................................................*
18. *Решение за одобрување на еднократна парична помош.......................................................................................................*
19. *Решение за одобрување на еднократна парична помош.......................................................................................................*
20. *Решение за одобрување на еднократна парична помош.......................................................................................................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"**

Се објавува Одлука за сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство", што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.01.2026 година.

Број 09–97/1
27.01.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на V-та седница одржана на ден 26.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
За сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"

**Член 1**

Општина Демир Капија учествува со сопствени финансиски средства за обезбедување одржливост на Регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство.

**Член 2**

Во 2026 година за непречено функционирање на Советувалишниот центар, Општина Демир Капија ќе учествува со финансиски средства во износ од **82.738,00** денари.

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година, на сметка на Здружение за родова еднаквост ВИЗИЈА Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 60/3
26.01.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на оперативни трошоци за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци**

Се објавува Одлука за утврдување на оперативни трошоци за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.01.2026 година.

Број 09–97/2
27.01.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 8 став 1 алинеја 2 од Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.12/2023) Советот на Општина Демир Капија на V-та седница одржана на ден 26.01.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
За утврдување на оперативни трошоци за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување

на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува поединечниот надоместок кој што се однесува на фиксните оперативни трошоци за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци.

**Член 2**

Вкупните фиксни оперативни трошоци за 2026 година потребни за натамошното функционирање со кои учествува Општина Демир Капија на годишно ниво се во износ од **163.355,00** денари.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на Општина Демир Капија, од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година, а исплатата ќе се врши квартално на секои 3 (три) месеци.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 60/4
26.01.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за изменување на одлуката за определување на надоместок за информирање од работата на Советот на општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за изменување на одлуката за определување на надоместок за информирање од работата на Советот на општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.01.2026 година.

Број 09–97/3
27.01.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на општина Демир Капија на V-та седница одржана на 26.01.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За изменување на одлуката за определување на надоместок за информирање од работата на Советот на општина Демир Капија**

**Член 1**

Во Одлуката за определување на надоместок за информирање од работата на Советот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.4/2015), членот 2 се менува и гласи:

"Висината на месечниот надоместок за информирање на јавноста изнесува 6.000,00 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 60/5
26.01.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2026 година**

Се објавува Програма за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.01.2026 година.

Број 09–97/4
27.01.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а согласно член 132 од Деловникот на Советот на Општина Демир Капија ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.5/05), Советот на Општина Демир Капија на V-та седница одржана на 26.01.2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2026 година**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ**

Основа за донесување на програмата за работа на Советот е Законот за локалната самоуправа, Статутот и Деловникот за работа на Советот како и другите закони кои се однесуваат на функционирањето на локалната самоуправа, и со кои се утврдени надлежностите на единиците на локалната самоуправа.

Основни цели на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2026 година се:

- Програмирање на работата на Советот за тековната година;
- Реализација на надлежностите, што со закон се ставени во надлежност на Советот;
- Продлабочување на соработката со јавните служби основани од општината;
- Јавност и транспарентност во извршувањето на активностите за 2026 година.

**АКТИВНОСТИ:**

**ПЕРИОД: ЈАНУАРИ - МАРТ**

• **Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за четвртиот квартал 2025 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој

• **Завршна сметка на Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година**
• **Годишен извештај на Општина Демир Капија за 2025 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој

• **Буџетски календар на Општина Демир Капија за 2027 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој

• **Завршна сметка и Извештај за работата на ЈПК БОШАВА Демир Капија за 2025 година**
Предлагач/Изготвувач: ЈКП БОШАВА Демир Капија
Одобрува: Управен одбор/Надзорен одбор на ЈКП БОШАВА Демир Капија
Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој, Комисија за јавни дејности

• **Завршна сметка на ООУ ДИМЧЕ А.ГАБЕРОТ Демир Капија за 2025 година**
Предлагач/Изготвувач: ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија
Одобрува: Училишен одбор на ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Завршна сметка и Извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2025 година**
Предлагач/Изготвувач: ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија
Одобрува: Управен одбор на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој, Комисијата за јавни дејности

• **Завршна сметка на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2025 година**
Предлагач/Изготвувач: ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија
Одобрува: Управен одбор на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во Општина Демир Капија за 2026 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој – Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата

• **Програма за заштита и благосостојба на животните–третман на бездомни кучиња, односно на нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик за 2026 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија

Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој– Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата

**• Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Демир Капија за 2026 година;**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој - Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата

**• Програма за еднаквите можности на жените и мажите на Општина Демир Капија за 2026 година;**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите

**• Програма за социјална заштита во Општина Демир Капија за 2026 година;**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Општински совет за социјална заштита
Разгледува: Комисија за јавни дејности

• **Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Демир Капија за 2025 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој – Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата

**ПЕРИОД: АПРИЛ - ЈУНИ**

• **Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2026 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Извештај за работата на јавните служби за првото тромесечие во 2026 година**
Предлагач/Изготвувач: јавното претпријатие / установа
Разгледува: Комисија за јавни дејности

**ПЕРИОД: ЈУЛИ – СЕПТЕМВРИ**

• **Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2026 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Годишен план за вработување на Општина Демир Капија за 2027 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Одделение за човечки ресурси
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Годишен план за вработување на јавно претпријатие/установа за 2027 година**
Предлагач/Изготвувач: јавно претпријатие/установа
Разгледува: Комисија за јавни дејности, Комисија за финансии и локален економски развој

• **Извештај за работата на јавните служби за второто тромесечие во 2026 година**
Предлагач/Изготвувач: јавно претпријатие/установа
Разгледува: Комисија за јавни дејности

• **Годишна програма за работа на ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија за учебната 2026/2027 година**
Предлагач: ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија
Одобрува: Училишен Одбор на ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија
Разгледува: Комисија за јавни дејности

• **Годишна програма за работа на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2026/2027 година**
Предлагач/Изготвувач: ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија
Одобрува: Управен Одбор на установата
Разгледува: Комисија за јавни дејности

**ПЕРИОД: ОКТОМВРИ – ДЕКЕМВРИ**

**• Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за третиот квартал 2026 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

**• Одлука за доделување на 7-мо Ноемвриска награда и признанија за 2026 година**
Предлагач: Комисија за награди и признанија
Изготвувач: Сектор за нормативно-правни работи, јавни дејности и општи работи

**• Буџет на Општина Демир Капија за 2027 година**
**• Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2027 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

**• Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Демир Капија за 2027 година;**
**• Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2027 година;**
**• Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Демир Капија за 2027 година;**
**• Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2027 година;**
**• Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Демир Капија за 2027 година;**
**• Програма за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Демир Капија за 2027 година;**
**• Програма за одржување на паркови, јавно градско и вонградско зеленило и рекреативни површини на подрачјето на општина Демир Капија за 2027 година;**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој – Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата

**• Програма за локален економски развој и туризам на Општина Демир Капија за 2027 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој-Одделение за локален економски развој
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

**• Програма за енергетска ефикасност на Општина Демир Капија за 2027 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

**• Годишна програма за работа на ЈКП БОШАВА Демир Капија за 2027 година**
Изготвувач: ЈКП БОШАВА Демир Капија
Одобрува: Управен одбор на претпријатието
Разгледува: Комисија за јавни дејности

**• Годишна програма за работа на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2027 година**
Предлагач: ОУ на Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија
Изготвувач: ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија
Разгледува: Комисија за јавни дејности

**<u>ЗАВРШЕН ДЕЛ</u>**
Нормативниот дел од програмата ја регулира нормативната дејност на Советот во 2026 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивното усогласување со новите прописи што се донесени или ќе бидат донесени во текот на 2026 година.
За извршување на програмата се задолжуваат изготвувачите, предлагачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени во истата.
Во текот на 2026 година, Советот на Општина Демир Капија ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.
Програмата за работа на Советот во текот на годината може да се дополнува со други содржини кои ќе произлезат од тековните активности на Општина Демир Капија и јавните служби основани од општината.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 60/6
26.01.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2026 година**

Се објавува Програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.01.2026 година.

Број 09–97/5
27.01.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/21 и 39/25), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на 26.01.2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА**
**ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2026 ГОДИНА**

## I.ВОВЕД

Годишната програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2026 година е документ со кој се планираат годишните активности на општината на полето на еднаквите можности за жените и мажите за 2026 година. Програмата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Демир Капија за 2026 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општественото живеење.

Почитувајќи го принципот на еднакви можности, локалната власт во креирањето на политиките, стратегиите, програмите и проектите со вклучување на родовата перспектива придонесува за решавањето на многу развојни проблеми и донесува конкретни придобивки за општината, за поединците - жените и мажите, но и за општеството во целина.

Од тука произлегува дека целта на оваа програма е вклучување на родовата перспектива во секој сегмент на делување и надлежност на општината. Општината може преку своите надлежности и преку координација на КЕМ, координаторката и заменик координаторката за еднакви можности како и со многубројните локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество.

Основна цел на овој програмски документ е да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност во општината. Постојат повеќе аргументи зошто политиките, програмите и проектите треба да бидат родово одговорни, а еден од нив е подобрување на квалитетот на живот каде при фокусирањето на родовата еднаквост истакнувањето на важноста на стабилните социјални релации и независноста на сите социјални актери односно зајакнувањето на жените докажано го подобрува квалитетот на живот не само на жените, туку и на мажите и на семејствата, но и на општеството како целина.

Главни предизвици во постигнување на родова еднаквост во општината се ниското ниво на економска активност на жените, ниското учество на жените во донесување на важни одлуки како и недостигот на родово разделена статитика во општината и во јавните институции.

Општина Демир Капија во соработка со Комисијата за еднакви можности на мажите и жените при Совет на Општина Демир Капија, Здруженија на граѓани кои работат во сферата на родовата еднаквост изработи Предлог – Програма за еднакви можности за 2026 година опфаќајќи ги приоритетни области на делување, управување со човечки ресурси, социјална заштита, економски развој и здравство.

## II. ЦЕЛ на Програмата

Цел на програмата е да го промовира принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор, кој овозможува остварување на нивните права

произлезени од законите на Р.С.Македонија. Општината во соработка со Комисијата има за цел да ја инкорпорира родовата перспектива и еднаквите можности во локалната политика, да ја унапреди состојбата на жените на локално ниво и да ги реализираат стратешките цели на Националната стратегија за родова еднаквост 2021-2026 и на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

**Главна задача на Општината** и Комисијата е да работат на унапредување на состојбата на жените и на обезбедување еднакви можности за жените и мажите на локално ниво преку процесот на изготвување и усвојување на политики, нивно спроведување, мониторинг и евалуација на постигнатите резултати. Како задача е и вклучување на родовиот концепт во процесот на проценување на импликациите од несоодветната вклученост на жените и мажите во секоја планирана акција како во политиките така и во програмите во секоја област.

Воспоставувањето на еднаквите можности е обврска на целото општество и претставува отстранување на пречките за остварување на еднаквост меѓу жените и мажите. Преку промоција на принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите се влијае на отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите и се воспоставуваат услови за воведување на еднакво учество на жените и мажите во сите сфери на општественото живеење. Во тој контекст постигнувањето на родова рамноправност значи да се работи со мажите и жените во сите сектори, но со посебен осврт на оние кои ги донесуват одлуките и кои влијаат на политиките и активностите на локално и на национално ниво.

## III. ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

### 1. Управување со човечки ресурси

Развојот на капацитетите на човечките ресурси на локалната администрација и на членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е неопходност заради вметнување на родовата компонента во сите локални политики. Преку реализирање на едукативни работилници, обуки, семинари би се зајакнале капацитетите на човечките ресурси во општината и членовите на комисијата и би се подигнала свеста за важноста од учеството на жените во политичкиот и јавниот живот, а посебно во процесите на одлучување. Една од можностите за напредок е да се соработува со Комисијата за еднакви можности во Собранието на Република Северна Македонија и да се соработува со соседни општини и комисии за еднакви можности поддржувајќи добри примери и практики од општините и комисиите кои покажале извесен напредок по одредено прашање (општина со општина).

### 2. Социјална заштита

Социјалната заштита како систем на мерки, активности и политики, е насочена кон спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен секој човек, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и сопствена заштита. Сé уште во нашето општество се прикажува родова диспропорција во бројот на евидентирани машки и женски корисници на услуги во различни категории. Жените се јасно препознаени како доминантно евидентирани жртви на семејно насилство, носителки на згрижувачки семејства, жртви на трговија со луѓе, лица што сакаат да стапат во брак пред полнолетство, а мажите како лица што злоупотребуваат дрога или други психотропни супстанции, сторители на семејно насилство или сторители на малолетничка деликвенција.

### 3. Економски развој

Економскиот развој претставува еден од најзначајните фактори и цел во постигнувањето на родовата еднаквост, која во себе содржи повеќе елементи насочени кон: елиминација на разните форми на дискриминација, промовирање на повеќе и подобри работни места за жените во смисла на број на вработени и квалитет на вработувањето и на крај намалувањето на феминизацијата на сиромаштијата, промовирање на социјално претприемништво.

### 4. Здравствена заштита

Здравствената заштита претставува значајна област во која е неопходно инкорпорирање на родовата компонента. Во оваа област покрај општината ќе се вклучи и Комисијата при Општина Демир Капија кои ќе се залагаат за подобрување на здравјето кај жените преку преземање на активности за подигање на свеста на жените за редовни гинеколошки и мамографски прегледи.

Општина Демир Капија заедно со општините Кавадарци, Неготино и Росоман со финансиски средства учествува во формирањето на Регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство со седиште во Кавадарци. Финансиските средства со кои што учествува општина Демир Капија за обезбедување на одржливоста на регионалниот центар за 2026 година се во износ од 82.738,00 денари. Советувалишниот центар заедно со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при општина Демир Капија и Координаторката/Заменик координаторката за еднакви можности ќе организираат активности и акции кои во наредниот период во 2026 година ќе се реализираат се со цел да се запознаат што е можно поголем број на лица за постоењето на овој центар и заштитата и можностите кои што истиот ги нуди.

**ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА ДЕМИР КА**

| ОБЛАСТ | АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕТРАЕЊЕ | ОДГОВОРНИ |
|---|---|---|---|
| **1. УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | 1.1. Спроведување на обуки на советниците на Советот и вработените во Општина Демир Капија за родовиот концепт и за воведување на родовата компонента во процесите на програмирање и буџетирање, како и информирање на истите за присуство на трибини и обуки кои се организираат од страна на меѓународни и локални граѓански организации и од страна на Комисијата за еднакви можности како работно тело на Собранието на Република Северна Македонија. | Континуирано во текот на 2026 година | Координаторка/заменик координаторка за ЕМ, локална НВО и експерти ангажирани од меѓународни домашни организации |
| | 1.2. Ажурирање и анализа на родово разделена статистика и информации како основа за следење и планирање мерки | Континуирано во текот на 2026 година | Општина, Јавни претпријатија, ЦСР, градинка, здравен дом Основно училиште, АВРСМ, Дом на култура,приватен сектор... |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | 2.1. Одбележување на 16 дена активизам за борба против родово базирано насилство<br>*Организирање на настани за подигање на свест за родово базирано насилство (изработка на флаери, спроведување на улични акции и кампањи во руралните средини, одржување на едукативна работилница за ученичка популација, одржување на јавна трибина на тема родово базирано насилство) | Ноември – Декември 2026 година | КЕМ, Координаторка/заменик координаторка за ЕМ, локална НВО, Регионален советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство | -бројо<br>-три у<br>рура<br>-најма<br>присут<br>р<br>-бројо<br>јавна<br>род |
| | 2.2 Организирање на хуманитарни акции за стари и изнемоштени лица и лица од социјално ранливи категории | Континуирано во текот на 2026 година | КЕМ,ОССЗ,ЦСР, НВО, Црвен крст, МТСП, Здружение на пензионери | -Најмал<br>акц<br>пензи<br>прима<br>загро |
| **3.ЕКОНОМСКИ И РАЗВОЈ** | 3.1. Поддршка во подобрувањето на претприемничките вештини на млади, жени и ранливи групи за започнување сопствен бизнис и самобвработување преку обуки | / | АВРМ, Општина Демир Капија, КЕМ, Координаторка/заменик координаторка за ЕМ , локална НВО | -Број<br>-Бро<br>учес<br>-Број<br>на ме<br>-Број<br>бизн<br>-<br>ор<br>-Нај<br>кои се<br>меркит |
| | 3.2.Афирмација на можностите за самовработување во обласста на земјоделството, преку поттикнување на женското претприемништво и подобрување на информираноста и пристапот на жените до програмите на АФПЗРР и ИПАРД фондовите | Јуни 2026 година | АФПЗРР, Општина Демир Капија, КЕМ, Координаторка/заменик координаторка за ЕМ , локална НВО, ПЕ на МЗШВ | -Бр<br>а<br>-Бро<br>ко<br>пр<br>АФП<br>-<br>- |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | ор<br>-На<br>З<br>кои се<br>можнос<br>жен |
| **4.ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** | 4.1.Спроведување на активности/кампањи по повод месец на борба против рак на дојка и навремена здравствена заштита на жените | Октомври 2026 година | КЕМ во соработка со матични лекари, Медицинки центар, и НВО | -<br>спрове<br>-I<br>инфо |
| | 4.2.Спроведување на активности за зголемување на свесноста за здравствените проблеми кај мажите (рак на простата) | Ноември 2026 година | КЕМ во соработка со матични лекари, Медицински центар и НВО | I<br>спров<br>Н<br>инфо |
| | 4.3 Информирање на граѓаните за важноста од редовни превентивни прегледи и симптоми на болести и последици од ненавремено дијагностицирање на истите (психосоматски заболувања, висок крвен притисок, дијабетес) | Септември-Декември 2026 година | КЕМ во соработка со матични лекари, Медицински центар,ОССЗ и НВО | I<br>Спров<br>Н<br>инфо |

За реализација на целите на Програмата, Општина Демир Капија ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво, вклучително и граѓански организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

## IV. МЕТОДИ НА РАБОТА

Основни методи кои ќе бидат користени во реализација на активностите се:

- **Работни средби** - Организирани за координација помеѓу КЕМ, Градоначалникот (општинската администрација) и другите партнери во реализација на активностите (експерти од одредени области, НВО-и, целни групи на граѓани и др.) кои ќе учествуваат во имплементацијата на активностите;
- **Дискусионо обучувачки методи** - ќе бидат користени во рамките на спроведување на обуките, предавањата, советувањата и сл. согласно активностите. Во формата на обуките, предавањата, советувањата и сл. ќе се користат современи образовни технологии, аудио визуелни и мултимедијални образовни продукти.
- **Истражувачко аналитички методи -** ќе се користат при анализа на постигање на целите. Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа, собирање, анализирање и систематизирање на информацијата (интервјуа и анкети со целните групи);
- **Информативно промотивни методи -** овој тип на метод ќе се користи при дистрибуцијата и презентирањето на рекламните и пропагандните материјали, организацијата на обуките, предавањата, советувањата и други потреби согласно содржината на активностите;
- **Правни методи** - ќе се користат при планирањето на програмско оперативните активности согласно законските надлежности на општината.
- **Финансиско сметководствени методи** - ќе се користат во процесот на подготовка на буџетите за секоја активност поединечно, периодичните и финалните финансиски извештаи за реализација на активностите;

## V.ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 162.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година.

Општината учествува со 82,738,00 денари за активностите на регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано насилство, а за останатите активности вкупните финансиски средства се во износ од 79.262,00 денари.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно со потребите ќе се појават во текот на 2026 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Демир Капија.

## VI. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Демир Капија ќе го следи текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

До Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на мажите и жените ќе се доставува годишен извештај за имплементација на активностите и реализацијата на целите.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 60/7
26.01.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за активностите на Општина Демир Капија од областа на културата за 2026 година**

Се објавува Програма за активностите на Општина Демир Капија од областа на културата за 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.01.2026 година.

Број 09–97/6
27.01.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 7 став 3 од Законот за културата ("Службен весник на РСМ" бр.31/98, 49/03, 82/25, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.265/24 и

132/25), Советот на Општина Демир Капија на V-та седница одржана на ден 26.01.2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За активностите на Општина Демир Капија од областа на културата за 2026 година**

**ВОВЕД**

Значајна улога во децентализацијата на културтата има и локалната самоуправа. Во рамките на надлежностите на локалната самоуправа е и задоволувањето на културните права и потреби на граѓаните. Локалните културни установи преку непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ги откриваат нивните културни потреби и формите за нивното задоволување. Локалните власти го креираат културниот живот во општината и во зависност од предвидените средства, влијаат на богатството, разновидноста, динамичноста и квалитетот на културниот живот во локалната самоуправа, како и на управувањето со културните добра и вредности што се пренесуваат од генерација на генерација, а кои всушност, и прераснуваат во вредна традиција. Со оглед на тоа што локалните власти имаат сопствени изворни приходи, културниот живот во општините може да се очекува да биде побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен. Нема да се очекуваат само повремените и случајни гостувања, туку ќе се организира и сопствена културна продукција. На тој начин ќе се стеснува јазот меѓу културните центри и меѓу провинцијата.

Согласно член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа утврдена е надлежноста на општините во областа на културата и тоа: институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти, негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирањето на културни манифестации и поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво.

